## 4. Мерки и активности за селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот

Општина Босилово сеуште нема воведено селекција и селективно собирање на секундарни суровини, така што на територијата на општината сеуште не се превземаат активности за намалување на количините отпад до степен на неупотреблива вредност, исклучиво наменети за депонирање. Сеуште, општ е впечатокот дека многу малку или воопшто не се практикуваат техниките за третман/преработка на отпад, како во рамки на општината, така и на ниво на целата територија на Република Македонија (не повеќе од 5-10 % од употребливите отпадни компоненти на комуналниот отпад се рециклираат). Тековната пракса покажува интензивно отстранување на отпад (со употребна вредност) по општинските депонии (прифатилишта), кои не задоволуваат минимални технички критериуми.

Вистинско решение за Општина Босилово претставува одлуката за нејзино придружување кон регионалниот пристап во интегрираното управување со отпад, односно прифаќање на концептот за регионална депонија, која ќе претставува централен објект, којшто задоволува минимум технички стандарди и на која отпадот ќе го отстрануваат десетте општини на Југоисточниот плански регион во Македонија.

Идејата е да се разработи систем, којшто ќе опфати прифаќање во најголем процент на комуналниот отпад, како и на комерцијалниот отпад.

Отварањето на оваа можност ќе допринесе кон целосно затворање на сите времени прифатилишта за комунален отпад (ѓубришта), кои ги користат локалните жители од сите населени места во општина Босилово.

Општина Босилово има преземено мерки за **селектирање на отпадот** кој содржи отпадни батерии како и мерки за селектирање на електричниот и електронскиот отпад.

Низ повеќе јавни објекти (зграда на о.Босилово, комунално претпријатие, училишни згради) има поставено мали канти за отпадни батерии.

Во општинскиот двор има поставено централен контејнер за електричен и електронски отпад каде сите граѓани од општина Босилово може да го депонираат ваквиот вид на отпад.